ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО,
ТРГОВИЈА И ПРЕВОЗ-
КОЛЕСКИ КИРЕ Д.О.О.Е.Л. УВОЗ-ИЗВОЗ
·ЕКСТРА·СКОПСКО·
Бр. 03-24
01.03.2021 год.
КОСЕЛ

ДО
АД„ОХРИДТУРИСТ„-Охрид
ул.Партизанска бр.8 Охрид

ПРЕДМЕТ: Доставување предлог за кандидат за неизвршен член
во Одборот на директори на АД„ОХРИДТУРИСТ„-Охрид

Од ЕКСТРА СКОПСКО ДООЕЛ с.Косел, Охрид акционер во АД„ОХРИДТУРИСТ„-Охрид

На ден 17.03.2021 год. закажано е одржување на Собрание на акционери на АД„ОХРИДТУРИСТ„-Охрид со почеток во 12,00 ч. во Хотел „Палас „ во Охрид.

На дневен ред на Собрание на акционери е предложена точка Избор на четири неизвршни членови на Одборот на директори на АД„ОХРИДТУРИСТ„-Охрид, а со јавниот повик се повикани акционерите да достават предлози за кандидати на Одборот на директори на АД„ОХРИДТУРИСТ„-Охрид .

Со овој допис ЕКСТРА СКОПСКО ДООЕЛ с.Косел, Охрид кој е акционер во АД„ОХРИДТУРИСТ„-Охрид како сопственик на 50193 обични акции кои преставуваат 29,13 % од вкупниот број на акции во друштвото доставува предлог за кандидат за неизвршен член во Одборот на директори на АД„ОХРИДТУРИСТ„-Охрид

„ЕКСТРА СКОПСКО„ ДООЕЛ с.Косел, Охрид за кандидат за неизвршен член во Одборот на директори на АД„ОХРИДТУРИСТ„-Охрид го предлага Адвокат Аце Ѓоршевски од Охрид ул.„Партизанска„ бр.63 со МБ 1009966430002.

Предложениот кандидат има 55 години, по занимање е дипломиран правник со положен правосуден испит и работи како Адвокат во Охрид.

По дипломирањето на Правниот факулет во Скопје во 1990 год. истиот има работено како раководител на правен сектор во АД„Коста Абраш„-Охрид осум години, во АД„ОХРИДТУРИСТ„-Охрид има работено седум години како Секретар-раководител на правен сектор, а потоа работи како адвокат 15 години.

Кандидатот кој го предлагаме има големо работно искуство и меѓу другото е добар познавач на деловното-трговското право ,а во рамките на неговото работење во АД„ОХРИДТУРИСТ„-Охрид е активен во процесите на решавање на сложените процеси на денационализација, кои се однесуваа за повеќе локации и повеќе објекти

на друштвото, уписите на недвижниот имот како сопственост на друштвото и добивање на имотни листови, во постапките на приватизација на земјиштето и сл. постапки кои завршија успешно и со кои се заокружи сопственоста на недвижниот имот на друштвото.

Предложениот кандидат не е сопственик на акции во АД„ОХРИДТУРИСТ„-Охрид ниту пак во други друштва и е угледен правник кој е познат во органите и институциите во Охрид и пошироко како совесен и одговорен човек и професионален адвокат.

„ЕКСТРА СКОПСКО„ ДООЕЛ с.Косел, Охрид смета дека предложениот кандидат ќе може да допринесе во работењето на Одборот на директори на АД„ОХРИДТУРИСТ„-Охрид со своето познавање и искуство што е од интерес за сите акционери во друштвото.

Воедно укажуваме дека „ЕКСТРА СКОПСКО„ ДООЕЛ с.Косел, Охрид има околу 30 % акции со право на глас во АД„ОХРИДТУРИСТ„-Охрид, а со оглед да со јавниот повик се предлага на Собранието на акционери да се изврши избор на четири члена на Одборот на директори, законски имаме право да предложиме и побараме еден член на Одборот на директори да биде прифатен по наш предлог.

Предното го укажуваме поради потребата од почитување на основните постулати при избор и функционирање на органите на управување кои се предвидени со Законот за трговски друштва. Според процентот на акции кој го поседува „ЕКСТРА СКОПСКО„ ДООЕЛ с.Косел, Охрид во акционерската структура на АД„ОХРИДТУРИСТ„-Охрид има право да учествува во предлагањето и изборот на еден член во Одборот на директори и да побара истиот да биде прифатен од мнозинскиот акционер во друштвото. Тоа е мерка за еднаква положба на акционерите како начело кое е обврзувачко и е предвидено во чл.321 од ЗТД (начело на еднаква положба на акционерите)

Бараме овој предлог да се достави до свикувачот на Собранието на акционери и за истиот да се известат акционерите во согласност со јавниот повик и закон.

„ЕКСТРА СКОПСКО„ ДООЕЛ с.Косел, Охрид
Управител,
Колески Ќире

ХОТЕЛСКО-УГОСТИТЕЛСКО АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
ОХРИДТУРИСТ - Охрид

| Примено: 01.03.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилози | Вредност |
| 03 | 34 | | |

Д.О.О.Е.Л ЕКСТРА-СКОПСКО